април 2017

RAN EDU

# Водич на RAN EDU за програми за обука

## „Ефикасни и сигурни учители и друг школски кадар“

Овој труд го напишаа **Стивен Ленос (Steven Lenos) и Марџолин Келтјенс (Marjolein Keltjens)**, од Центарот за извонредност RAN.
Гледиштата што се изразени во овој труд им припаѓаат на авторите и не ги искажуваат ставовите на  Центарот за извонредност RAN, Европската комисија или на која било друга институција или учесник во Работната група на RAN EDU.

RAN EDU

## Признание

Особена благодарност до водачите на Работната група на RAN EDU - Карин Хереманс (Белгија) и Мишел Хасен (Франција) за нивниот придонес во овој Водич и за претседавањето на средбата на Работната група одржана во Хелсинки (1-2 март 2017 година).

Овој Водич е напишан во соработка со учесниците на средбата во Хелсинки: Патрик Волф (Австрија), Бруно Седран (Белгија), Игор Џорџевиќ (Хрватска), Џеспер Холме Хансен (Данска), Силвија Калман (КОМ), Јан Лофстром (Финска), Аија Кортесмаа (Финска), Сату Ело (Финска), Марија Едел (Финска), Леена Малки (Финска), Брам Едел (Финска), Даниел Саламаа (Финска), Пјер Каролажи (Франција), Карен Превост-Сорбе (Франција), Манфред Дикенброк (Данска), Марк Медебах (Германија), Александра Василиу (Грција), Весна Весенауер (Унгарија), Мери Рајан (Ирска), Игор Китаев (Италија), Џени Олк-Клаусен (Норвешка), Силвија Ондрисова (Словачка), Мике Бернаертс (Холандија), Флер Нолет (Холандија), Стин Сикелинк (Холандија), Роб Хомен (Холандија), Абигејл Клеј (Обединето Кралство), Алан Фрејзер (Обединето Кралство), Жерант Еванс (Обединето Кралство), Џон Николас (Обединето Кралство) и Тед Хадлстон (Обединето Кралство).

RAN EDU

## Вовед

Треба да се соочиме со тоа. Факт е дека училиштата и нивниот кадар се соочуваат со радикализацијата и со проблемите што се поврзани со неа или што водат до неа. Се случува голем број учители да се најдат во вжештени дебати со учениците што изразуваат екстремни мислења. Со водењето предизвикувачки разговори тие може да се обидат да дискутираат за чувствителни теми и да се справуваат со соперничкото однесување на учениците во нивната училница. Или кога некој од нивните ученици станува сè повоздржан и пооддалечен, можеби тие не се сигурни кој правец и дејство да го следат. На некои училишта дури им се случило и да загубат ученици затоа што заминале во таканаречената Исламска Држава. Училиштата ја чувствуваат итната потреба да реагираат и сакаат да играат улога во тоа. Ова беше јасно изразено во Манифестот на Мрежата за свесност за радикализам (RAN) за образованието[1].

Но училиштата и нивниот кадар треба да бидат опремени да го прават тоа на правилен начин. Како што е објаснето во тематскиот труд „Улогата на образованието во спречувањето на радикализмот“[2] на RAN, учителите се наоѓаат во добра позиција да поттикнат демократски вредности во училниците. Ако тоа не може да се направи во училиштата, тогаш општеството се наоѓа во неволја.

Поради зголемената поларизација и „новите“ феномени, како што е религиозно мотивираниот екстремизам, голем број учители изразуваат загриженост заради недостигот на знаење, вештини и сигурност за да можат соодветно да одговорат на предизвикот. Како што се дискутираше на средбата „Школски лидери и превенција на радикализмот“[3] на RAN, школските лидери се ставени во искушение да постигнат рамнотежа при создавањето соодветна средина за такви тешки разговори. Од една страна, тие би сакале учениците да имаат простор слободно да ги изразат своите чувства и понекогаш да испитаат спротивни или недемократски ставови. Од друга страна, тие треба да се справуваат со потенцијално негативни или дури и со лути реакции од родителите, колегите, печатот и политичарите. Исто така, директорите на училиштата треба да ја штитат физичката и менталната безбедност на сите ученици и на училишниот кадар.

Ако учителите, директорите и другиот училишен кадар треба да ги исполнат своите улоги и да бидат подготвени и оспособени, тогаш обуката има клучно значење. Програмите за обука на темата за радикализирање се зголемуваат експоненцијално: се јавуваат во различни

---

1 Погледнете https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we- do/networks/radicalisation_awareness_network/docs/manifesto-for-education-empowering-educators-and- schools_en.pdf онлајн. (Мрежа за свесност за радикализам (2016 година). RAN PREVENT: Manifesto for education – empowering educators and schools)

2 Погледнете https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we-do/networks/radicalisation_awareness_network/ran- papers/docs/role_education_preventing_radicalisation_12122016_en.pdf
(Мрежа за свесност за радикализам (2016 година). Тематски документ 'The role of education in preventing radicalisation' на RAN онлајн.

3 Погледнете https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/what-we- do/networks/radicalisation_awareness_network/about-ran/ran- edu/docs/ex_post_paper_ran_edu_antwerp_19-20_04_2016_en.pdf онлајн.
(Мрежа за свесност за радикализам (2016). Последователен документ 'School leaders and prevention of radicalisation: setting the conditions for a safe and democratic environment' на RAN EDU

облици и нивниот квалитет се разликува. Според тоа, какви видови обука се потребни? Како да се изберат?

И во што да се инвестираат време и пари? Работната група на RAN EDU дискутираше на овие теми на средбата во Хелсинки (Финска) на 1 и 2 март 2017 година и одделно беше обезбеден придонесот за овој Водич за програмите за обука.

## Мислењето на RAN EDU за радикализмот и радикалите

Термините како радикал, радикализам, екстремни идеи и екстремист имаат тенденција да предизвикуваат голема забуна, а понекогаш и вжештена дебата. Овој труд е обид да се воведе јазик што е во согласност со RAN **и, исто така**, им служи на образовните лица да работат со младите лица.

Важен дел од наставата е учениците да се подготват да се справуваат со настаните во општеството. Младите лица што се водат кон полнолетство и граѓанство ќе ги предизвикуваат идеите, ќе ги испробуваат границите и ќе ги искажуваат своите мислења, понекогаш на спротивставен начин. Училиштата треба да најдат безбедно место каде што ќе се дискутира за согледаната неправда и за загриженоста и каде што ќе се изразува вознемиреност или лутина. Во таква средина една соодветна доза радикализам не е причина за загриженост. Радикалите поттикнуваат промена и борба за социјална правда. Без радикали што ги предизвикуваат системот и статус кво денес не би постоеле правата на жените, не би постоеле фундаментални права и политика за одржлив развој и заштита на животната средина. Училиштата треба да бидат место каде што се изразуваат радикални идеи, па дури и екстремни мислења. Но тоа треба да се прави на безбедно место, во педагошка средина, да биде водено од обучени учители. Тоа дозволува конфронтација и спротивставување на радикалните идеи и младите радикали се спречуваат да се упатат на пат што би можел да ги одведе во екстремизам, па дури и во насилство.

Така, радикалите и радикалните идеи, сами по себе, не се причина за загриженост. Но постои вистински проблем со радикализам што води кон прекршување на човековите права на другите, злосторства од омраза или дури и екстремистичко насилство и тероризам. Како резултат на овој облик на радикализам младите лица може да му се закануваат на општеството и да ја стават својата сопствена иднина во опасност.

## Што е овој Водич?

Овој Водич не е список со сите постојни програми за обука. Тој воведува работна рамка за дискусија за различни опции за програми и модули во програмата за обука или во наставната програма за учители.

Нашиот пристап кон проблемот со радикализмот во училиштата им дава на учителите улога да ги заштитуваат учениците да бидат експлоатирани посредници и да станат посредници на

RAN EDU

екстремистички групи. Учителите се образовни лица и посредници за безбеден простор што може да го зајакне граѓанството, критичкото мислење и градењето идентитет. Тоа е најдобар начин за одбрана од екстремистичките настани што му се закануваат на владеењето на правото и на фундаменталните права во Европа. Се надеваме дека овој Водич ќе им помогне на учителите и на училиштата што се подготвени да инвестираат скапоцено време и пари во обука за да сфатат што им е потребно, што им недостига и што треба да бараат.

Лицата што ги создаваат курсевите за обука и оние што се одговорни за политиката за обука или за професионален развој на учителите може да ја употребуваат **таксономијата** за да одредат дали се опфатени надлежностите.

За двете, препорачуваме фокусот да се насочи не само кон радикализмот или тероризмот туку и кон професионалните улоги, придонеси и ограничувања на кадарот што очекува обука. На крајот целта е да се подигне свеста и **„трансфер“**: смислете план за обука и создадете средина што дозволува обуката да се применува во секојдневната работа.

## 1. Различни видови обука

„Училиштата за обука за спречување на радикализам и борба против екстремизам“ може лесно да бидат протолкувани како „училишта во кои се изучува како да се препознаат знаците на радикализам“ или „училишта во кои учителите се обучуваат како да ја промовираат демократијата“. Дискусиите во RAN EDU покажаа дека и покрај тоа што постојат вакви видови програми за обука, потребни се повеќе работа и обука за да се оспособат училиштата да го постигнат својот потенцијал. Еден преглед на програмите за обука во различни европски земји открија три вида програми за обука:

А. оние што нудат фундаментална обука за оспособени и издржливи учители;
Б. оние што штитат и создаваат безбедни и демократски училишта;
В. оние што помагаат да се развијат вештини за соочување со тековните предизвици.

Во секоја од овие три групи програми за обука може да се идентификуваат неколку програми за обука што се разликуваат според целите на учење. Овие групи може да се употребат за да се организира дискусијата и донесувањето одлуки за обуката за училишта. Свесни сме дека програмата за обука често може во исто време да се справува со повеќе од една цел и дека, всушност, постојат комбинации од повеќе од една програма.

Постојат неколку теми и програми за обука поврзани со нив:

А. Фундаментална обука за оспособени и издржливи учители

1. оспособени и издржливи учители
2. учител како посредник за дебати и за групни разговори

Б. Заштита и создавање безбедни и демократски училишта

3. свесност и разбирање на опасностите од радикализам и регрутирање

4. како училиштата да станат безбеден и демократски микрокосмос на општеството
5. физичка безбедност

B. Вештини за справување со денешните предизвици

6. медиумска писменост, лажни вести и заговори
7. обука за деполаризација, тензии во општеството, инвестиција во мирот и социјалната стабилност
8. справување со културите, религијата, идеологијата и идентитетот.

# A. Фундаментална обука за оспособени и издржливи учители

## 1. Оспособени и издржливи учители

### Зошто ова е важно за училиштата?

Под притисок од родителите, учениците и заедницата, учителите треба да се чувствуваат сигурни и оспособени успешно да се справуваат со ситуациите со кои се соочуваат. Се разбира, тие имаат лични предрасуди за својата професионална улога и ќе се чувствуваат особено предизвикани ако се соочат со проблеми што ги предизвикуваат лично или мислења што се спротивни на нивните.

Во контекст на тие предизвици учителите треба да ги знаат своите ограничувања, да бидат свесни и да можат да се самоанализираат. Освен тоа, треба да изградат врска со своите ученици: учениците повеќе учат од начинот на кој учат отколку од тоа што го учат. Однесувањето е поважно од техниката и учителите може да го претворат етосот на хартија во етос во практика.

### Која е целта на овој вид обука?

Овој вид обука им ги поставува на учителите следниве цели:

- Да ја зголемат свеста на учителите за нивната внатрешна визија, вредности и снаги. Тие треба да ги разберат очекувањата и надлежностите што ги бара нивната улога;
- Да ги подобрат интерактивните вештини, комуникацијата, решавањето проблеми и критичкото мислење;
- Да развијат вештини за олеснување на дискусијата;
- Да научат како ефикасно и коректно да ја користат снагата;
- Да учат покрај колеги и од нив и да размислуваат, набљудуваат, дискутираат и да го поддржуваат меѓусебниот професионален развој;
- Да можат да побараат поддршка од тимот;
- Да создадат безбедни и демократски училишта со дискусија во училницата за проблемите од реалниот живот;
- Да учат да се самокритикуваат и да се самоанализираат: „Како се справувам со различните и предизвикувачките ситуации во училницата?“ Размислете за негативните последици од означувањето со етикети. Следете го циклусот „планирај, провери и врши“;
- Да се чувствуваат сигурно, удобно и релаксирано;

RAN EDU

- Да прифаќаат дека ги немаат сите одговори;
- Да научат како да деескалираат;
- Да научат како да создадат инклузивна атмосфера;
- Да се развијат во професионални учители што се свесни за својата лична пристрасност и да можат да ја контролираат таа пристрасност.

**Која е целната публика?**

Целната публика е дефинирана како:

- сите училишта и сите учители.

**Клучни пораки и препораки**

- Етосот на целото училиште мора да се одликува со професионализам, а не само училницата. Поради тоа, клучна е поддршката на директорите.
- Создадете работна рамка за училишта, така што училиштата да може да ја дизајнираат обуката според своите потреби.
- За да станете оспособен и издржлив учител, постапката мора да наметнува постојан развој и размислување.
- Обуката мора да им обезбедува практична помош на учителите.
- Учителите ќе учат и ќе се развиваат; затоа неуспехот е дозволен како дел од процесот на учење.
- Имајте ги предвид можните разлики/предизвици кога обучувате неискусни и искусни учители. Неискусните можеби нема да имаат доволно голема основа врз која ќе градите, а искусните, пак, може да бидат отпорни на промени.
- Обуката не треба да се занимава директно со радикализмот и екстремизмот. Меѓутоа, кога се јавуваат проблеми со радикализмот и со насилниот екстремизам, важно е да направиме учителите да го увидат контекстот: Кој одредува што е „радикално“ или „екстремно“?
- Треба да се истакне разликата меѓу знаењето и емоционалната подготвеност. Знаењето е поврзано со информации (каде да се добијат, како да се достават), а емоционалната подготвеност, пак, е поврзана со тоа како се поврзувам (сам со себе, со други, со група, со заедницата).
- Цел е да се спречи насилството, а не да се задуши креативноста или радикалното размислување.

**Примери**

- Оспособени учители (опишани во Колекцијата на RAN)
- Размислување за ИК (Интеграциска комплексност) (опишано во Колекцијата на RAN)
- Невролингвистичко програмирање (НЛП) (опишано во Колекцијата на RAN)
- Предавања за контроверзни прашања (опишани во Колекцијата на RAN)
- Училиштата во кои веќе се случува ова може да служат како примери за добра практика.

## 2. Учителот како посредник за дебата или за групен разговор

### Зошто ова е важно за училиштата?

Улогата на учителите е мошне изменета. Не би претерувале кога би рекле дека учителите прават повеќе од едноставно пренесување на знаење кај учениците во фронтален стил: нивната нова улога е да ја олеснат дискусијата или дури и вжештената дискусија за ситуации од реалниот живот, новини, настани или за личниот живот на нивните ученици. Овие разговори може да ги почне учителот или да се развијат спонтано. Тоа бара од учителот да се преминува низ различни пристапи и улоги: неутрален водител на разговорот, бранител или потсетник за официјалната линија, како што е опишано во пакетот за обука на учители „Настава за контроверзни прашања“[4]. Оваа нова улога што ја играат учителите за своите ученици не е важна само за превенција на радикализмот и за заштита и изградба на издржливост. Тоа е генерична промена што ја бараат тешките времиња.

Патиштата за учење се разговорот, слушањето и особено дијалогот. На луѓето им се даде глас: тие се чувствуваат вклучени и веруваат дека нивните мислења се земаат предвид. Учениците треба да научат како да функционираат во демократија и да разберат дека тоа бара (да се слушаат) различни мислења.

### Која е целта на овој вид обука?

Овој вид обука им ги поставува на учителите следниве цели:

- Да знаат кои улоги може да ги усвојат во дискусиите (на пример, олеснување или дебата).
- Да може да се чувствуваат сигурни во своите способности кога ќе се појават контроверзни проблеми.
- Да се обидуваат да го продолжат разговорот, дури и кога тоа е тешко и да го прошират гледиштето на учениците охрабрувајќи ги да ги разберат различните мислења.
- Да им покажат на учениците дека има повеќе од „една“ добра идеја.
- Да ги гледаат учениците како единки, а не само како членови на специфична група врз основа на нивниот сфатен род, расен, етнички, сексуален и класен идентитет. Прашањата, како што е: „Што мислиш за ова како жена/муслиманка?“, не помагаат во овој поглед.
- Да создаваат средина каде што може да ги запознаат учениците со различни аргументи и перспективи.
- Да бидат свесни дека често размислуваат дека го имаат „точниот одговор“ и дека учениците знаат „која е целта на овој учител“.

---

[4] Погледнете http://pjp-eu.coe.int/en/web/charter-edc-hre-pilot-projects/teaching-controversial-issues-developing-effective-training-for-teachers-and-school-leaders онлајн.
(Совет на Европа (2016 година). Living with controversy. Teaching controversial issues through education for democratic citizenship and human rights (EDC/HRE): Training pack for teachers (Стразбур: Council of Europe Publishing)

RAN EDU

**Која е целната публика?**

Целната публика е дефинирана како:

- учители.

**Клучни пораки и препораки**

- На учителите треба да им биде дозволено да предаваат во својата област на специјализација: поверојатно е дека ќе се поврзат со своите ученици и дека ќе воспостават дијалог. Секој учител треба да има вештини за комуникација и за дијалог, исто така, тоа може да претставува значајна разлика во други методи за дебата.
- Да се обучат повеќе учители од земјите од кои потекнуваат учениците и да се поврзат со нив за да може да им служат како примери.
- Учителите може да се чувствуваат под притисок секогаш да обезбедуваат одговори, но тоа не е реално. Подобро е да бидат отворени и да објаснат дека една личност не може да биде експерт во сите полиња.
- Учителите треба секогаш да имаат специфичен заклучок за своите лекции: неопходно е внимателно планирање.
- Ако ученикот користи лажни/невистинити факти за да ја одбрани својата позиција, не може да го убедите давајќи му други информации. Кога учениците чувствуваат дека никој не ги слуша, учителите треба да создадат простор за поплака; понекогаш учениците ќе се посомневаат во однос на информациите што ги имаат откако ќе ја ислушате нивната поплака.

**Примери**

- Да се учи за контроверзни прашања.

## В. Заштита и создавање безбедни и демократски училишта

### 3. Свесност и разбирање на опасноста од радикализам и регрутирање

**Зошто ова е важно за училиштата?**

Училиштата се наоѓаат во предната линија и тие се први што ќе ја идентификуваат опасноста од радикализам. Учителите треба да обезбедат нивните одговори да бидат урамнотежени и пропорционални (ниту премногу ниту премалку и треба да ги дадат во вистински момент). Постои опасност предметот да се демонизира и криминализира.

Клучот се наоѓа во професионалниот разговор: учителот треба да препознае дека дискусијата за радикализам со колегите и со други професионални лица, исто така, е важна. Погледнете радикализам и регрутирање како опасност што спаѓа во заштита.

**Која е целта на овој вид обука?**

Овој вид обука ги поставува следниве цели за учителите:

- Да ги разберат процесот на радикализирање, мотивите и факторите за радикализам и профилите и постапката на радикализирање. Тие треба да бидат способни да ги препознаат можните сигнали дека тоа се случува.
- Да ги урнат митовите: да се урнат митовите во врска со радикализмот.
- Да добијат подобро разбирање на терминот „радикализам“. Дефинирајте што е радикализам и што не е (!) и истовремено проверете дали дефинициите се прецизни.
- Да ги контекстуализираат локалните прашања во работната рамка на глобалниот феномен на радикализам.
- Да ја разберат опасноста од радикализам и регрутирање и нивната улога во превенцијата.
- Да бидат оспособени со знаење и сигурност.
- Да бидат свесни за знаците и кои чекори да ги преземат.
- Да ја разбираат разликата меѓу лични мислења и утврдени споделени мислења во училиштето и можното влијание од личната пристрасност.
- Да бидат свесни за својата улога и за можностите за заштита на принципите.
- Да ги познаваат процедурите и протоколите.

**Која е целната публика?**

- Учители, директори на училиштата.
- Мешани групи со други професионални лица, како професионалци за грижа и родители.
- Сите возрасни лица во училиштето („образовната заедница“).
- Тековниот „назначен“ кадар (обучен кадар со дополнителна одговорност и потребна обука) — ова ќе вклучува мултиагенциска обука.
- Севкупниот кадар, како дел од тековната обука за заштита – мора да се вклучат протоколи за размена на информации и професионални разговори.

**Клучни пораки и препораки**

- Користете студии на случај од реалниот живот, ако е потребно анонимни:
  - еве како ги идентификувавме знаците;
  - каква е заднината на едно радикализирано лице?
  - ова е тоа што го направивме;
  - ова е тоа што се случи;
  - што требаше да направиме поинаку?
- Проверете дека учителите работат со добро документирани студии на случај и дека не добиваат информации само од медиумите.
- На учителите им е потребен ваков вид обука пред да почнат да се занимаваат со деца на оваа тема.

- Учителите не треба да се гледаат себеси како изолирани учесници кога станува збор за радикализам во нивното училиште или средина. Децата и семејствата не треба бидат посрамотени или „демонизирани“; анонимни разговори со професионални партнери се една опција.
- Ангажманот со децата е основен, но не треба да се претерува! Децата минуваат повеќе време со учителите во класот отколку со родителите и затоа учителите треба да добијат обука.
- Обуката лице в лице е поефикасна од онлајн-обуката. Промената на ставови обично не е можна онлајн.
- Да се развиваат заеднички вредности, вклучително култура на здравје и безбедност.
- Процесот да се спречи радикализмот да премине во насилен екстремизам треба да се третира како превенција на други видови подготовка/регрутирање со небезбедни/нездрави последици, т.е. сексуална експлоатација на деца.
- Вклучете практика за размислување за да овозможите постојано подобрување.
- Согласете се за професионален кодекс на однесување.

**Примери**

- Училиште и безбедност: погледнете https://www.schoolenveiligheid.nl/ (Холандија).
- Кликнете и проверете (Австрија).
- WRAP (Работилница за подигнување на свест и превенција, Обединето Кралство).

## 4. Како училиштата да станат безбеден и демократски микрокосмос на општествата?

### Зошто ова е важно за училиштата?

Учениците може да научат да станат демократски (активни) граѓани во безбедна средина. Тие учат за структурата на демократијата и се запознаваат со неа. На учениците им се покажуваат демократските начини како да ја изменат својата средина. Учителите создаваат чувство на „ние“. Создавањето на еден микрокосмос од демократско општество не е исто како создавањето на еден микрокосмос од безбедно општество. Безбедноста е поврзана со педагошките вештини на учителите, а демократијата со начинот на кој е структурирано вашето училиште.

Треба да се фокусираме на усвојувањето на демократската отпорност. Виталноста на демократијата зависи од активното граѓанство и од способноста да се обновува кога се соочува со предизвици; радикалните идеи и критичкото размислување се клучни сили за обнова и за адаптација. Активното учество во дебата поттикнува адаптација и обновување на општеството.

**Која е целта на овој вид обука?**

Овој вид обука ги поставува следниве цели:

- Целиот кадар треба да стане свесен за вредноста на демократското училиште во едно демократско општество и треба да им се обезбедат алатки за создавање демократско училиште. Треба да ги разберат основните начела на демократијата, формалните и неформалните.
- Учителите и останатиот школски кадар треба да бидат свесни за нивната важна улога како клучни членови на едно демократско општество.
- Да познаваат стратегии и практични решенија за усвојување демократска култура и школска политика во класот и пошироко во училиштето.

**Која е целната публика?**

- Директорите на училиштата.
- Целиот школски кадар.
- Претставници на родителите и учениците може да учествуваат во такви програми за обука.

**Клучни пораки и препораки**

- Образованието за демократија и граѓанство бара „дела“ наместо „знаење“. Поефикасно е лекцијата да се почувствува отколку само да се предаде.
- Го поставува училишниот етос.
- Треба да биде променливо и да биде предмет на преговори.
- Треба да се отсликува на националните дијалози и разговори.
- Треба да се разбере дека демократијата е повеќе од едноставно постигнување на мнозинство гласови.
- Треба да се разбере дека демократијата е организиран конфликт; секогаш не е можен целосен договор меѓу сите страни за сите предмети.

## 5. Физичка безбедност

**Зошто ова е важно за училиштата?**

Директорите, учителите и учениците треба да бидат подготвени за напад (на пример, вооружено лице во училиштето), со надеж последиците од таков настан да се сведат на минимум. Таквата обука би ги обучила кадарот и учениците како да се засолнуваат, на пример, во училницата.

**Која е целта на овој вид обука?**

Овој вид обука ги поставува следниве цели:

- да се изврши процена на опасноста од инциденти;
- да ги разберат различните модели на интервенција: насилство, евакуација или заклучување;

- да знаат што треба да прават во секој случај и каква улога ќе играат другите институции;
- да знаат како да се засолнат во училниците во случај на терористички напад;
- да знаат каде се излезите за итни случаи;
- да знаат што треба да прават ако поларизацијата меѓу учениците нарасне во насилство;
- да се научат да бегаат, да се кријат или дури и да се борат.

**Која е целната публика?**

- Клучниот кадар треба да се обучи за управување со опасноста од физичка безбедност, да ги зајакне постојните вештини и знаење на кадарот со тековната одговорност за здравјето и безбедноста.
- Целиот кадар треба да има редовна обука за подигнување на свеста и за процена на опасноста, како и сесии за практика, а кои ќе ги води обучен кадар.

**Клучни пораки и препораки**

- Согласност за мултиагенциски протоколи, почнувајќи дискусии со релевантните агенции, како што се полицијата, противпожарната служба и локалните власти.
- Клучна е процената на опасност.
- Протоколите треба да имаат облик на комуникациско дрво, така што деталите да не се наоѓаат само на едно место што може да биде недостапно.
- Дрво на одговорност во кое е одредено кој што прави.
- Поделба на практични одговорности: чистење на ходниците, комуникација со печатот, социјалните медиуми и родителите.

**Примери**

- Принципи „Бидете безбедни“: Бегај, скриј се и кажувај (Тековен модел на Министерството за внатрешни работи (Обединето Кралство))

## Б. Вештини за справување со денешните предизвици

### 6. Медиумска писменост, лажни вести и заговори

**Зошто ова е важно за училиштата?**

Тинејџерите што се премногу изложени на технологијата (паметни телефони и социјални медиуми) се познати како „генерација на екрани“. Нивните односи со врсниците и со другите често се неразделно поврзани со употребата на нивните телефони. Исто така, преку телефоните добиваат проток на информации од официјалните новински агенции. Но сè повеќе тие им обезбедуваат секакви видови повторно дистрибуирани „алтернативни факти“, интриги, дури и професионално создадени лажни вести и теории за заговори, што имаат за цел да ги ги дезинформираат и ги дестабилизираат општествата и заедниците.

Во исто време оваа технологија може да се експлоатира позитивно, за кампањи меѓу врсниците и за други облици на граѓански ангажман.

RAN EDU

**Која е целта на овој вид обука?**

За учителите, дидактички и педагошки, истите надлежности мора да се применат врз медиумската и информативната писменост. Тие се земени од публикацијата „Наставна програма за медиумска и информативна писменост за учителите“[5] на УНЕСКО и се како што следуваат:

- да ги разберат улогата и функциите на медиумите во демократските општества;
- да ги разберат условите во кои медиумите може да ги исполнуваат своите функции;
- критички да ја оценуваат медиумската содржина во однос на медиумските функции;
- да се вклучат во медиумите за самоизразување и демократско учество;
- да ги прегледаат вештините (вклучително информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) што се потребни за да се произведе содржина што е создадена од корисник.

**Која е целната публика?**

- Учителите и управата на училиштата.

**Клучни пораки и препораки**

- Би можело да биде привлечно и инспиративно учениците да им го претставуваат на учителите својот онлајн-свет, технологии и платформи.
- Бидејќи медиумската писменост треба да се интегрира и да се синхронизира со офлајн-надлежностите во граѓанството, критичкото размислување и со улогата на новинските и на медиумските организации, обуката треба да се изгради врз улоги за учителите, а не врз чудесниот свет на технологијата.

**Примери**

За примери и практични совети погледнете ја публикацијата „Наставна програма за медиумска и информатичка писменост за учителите“ на UNESCO.

## 7. Обука за деполаризација, тензии во општеството, инвестиција во мирот и социјалната стабилност

**Зошто ова е важно за училиштата?**

За да се изгради мост меѓу субјектите и за да се поддржат заедничките вредности. За да се управува со конфликтите на идентитет и за да се гради кохезија. За да се воспостави безбеден и конструктивен дијалог и за да се снабди со аргументи.

**Која е целта на ваквиот вид обука?**

- На учителите да им се објаснат опасноста од поларизација и механизмите што ја поттикнуваат и ја забрзуваат поларизацијата.

[5] (Погледнете http://unesdoc.unesco.org/images/0019/001929/192971e.pdf онлајн.
(Ц. Вилсон, А. Гризл, Р. Туазон, К. Акиемпонг и Ц.К. Чеунг (2013 година). Media and information literacy curriculum for teachers. UNESCO)

RAN EDU

- Да се развијат перспектива и вештини за решавање конфликт: Како да управуваат со емоциите и со конфликтот, како да се однесуваат во ваков вид ситуации?
- Да се создаде заедница од професионални лица и да се промовира учење на врсници.
- Да им се помогне на учителите да ја разберат својата улога како учители и воспитувачи.
- Да се подигне свеста за видовите конфликти што постојат и како да се користи управувањето со конфликти и да се фокусира на вештините.
- Да им се помогне на учителите да научат да ги слушаат, да ги разбираат и да ги учат учениците да управуваат со своите чувства.

**Која е целната публика?**

Постојат две нивоа публика за овој вид програми за обука.

Прво ниво

- Целото училиште.
- Училишната заедница: училишни лидери, учители, воспитувачи, кадар за поддршка, засегнати страни (социјални работници).

Второ ниво

- Тим на доброволци што развиваат експертиза.
- Училиштето не може да го прави тоа само заради општествени тензии и проблеми. Општествениот придонес е потребен за да се реши поларизацијата.

**Клучни пораки и препораки**

- Да се зајакне и да се оспособи образовната заедница.
- Да се обезбедат поддршка, вештини и знаење за (де)поларизација.
- Да се најде заедничка основа за компромис меѓу директното соочување и избегнувањето конфликт.
- Училиштата мора да знаат кои се партнерите/експертите во разни области.
- Обуката за основни вештини ќе ја поддржува целата заедница во училиштето.
- Обуката мора да вклучува експериментални методи; таа не треба да биде само еден процес на информирање.
- Обуката мора да биде приспособена на контекстот на секое одделно училиште.

**Примери**

- Обука за управување со деполаризацијата.

RAN EDU

## 8. Справување со културите, религиите, идеологијата и идентитетот

### Зошто ова е важно за училиштата?

Училиштето е микрокосмос на општеството во кој се водат големи дебати за идентитетот. Различните култури и религии се важен дел од обликувањето на идентитетот во однос на прашањето: „Кој сум?“ Разновидноста на учениците може да се цени и идентитетите треба да бидат инклузивни, а не ексклузивни. Кога учениците чувствуваат дека е нападнат нивниот идентитет, тоа е добра почетна точка да работиме со нив. Училиштата може или да се обидат да се справат со разликите или да бараат сличности и да се фокусираат на она што им е заедничко на студентите. Идеологијата на еднаквост треба да биде дел од училишниот етос.

### Која е целта на овој вид обука?

- Да се зголеми капацитетот на учителите да создадат средина во која учениците ќе може да ги изразат своите ставови и да разговараат за теми што им се важни.
- Да се справуваат со различноста.
- Да ја подигнат свеста за темите во врска со идентитетот (преку лични искуства).
- Да направат сите да се чувствуваат вклучени.
- Да ја зголемат способноста на учениците да соработуваат.
- Некои учители треба да бидат свесни за идеологиите на нееднаквост.
- Учителите треба да бидат свесни за своите сопствени предрасуди, надлежности и овластувања.
- Да се научат основите на идентитетот и идеологијата и како ова да се вклопи во предметот.

### Која е целната публика?

Дефинирани се две групи.

1. Сите учители треба да научат како да создаваат култура на инклузивност и како да не ги влошуваат ситуациите.
2. Специјалистите треба да добијат обука за идентитетот, идеологиите, како да олеснат контроверзни дебати, како да се ослободат од оваа идеја за ексклузивност.

### Клучни пораки и препораки

- Идентитетот на училиштето може да дојде во конфликт со индивидуалниот идентитет. Фокусот треба да биде ставен на тоа како идентитетите може да работат заеднички.
- Уличниот идентитет треба да се држи надвор од училиштето и на учениците мора да им се помогне да разберат зошто е тоа така.
- Мора да земеме предвид дека идентитетот доминира над „друга“ националност и/или религија.
- Фокусот кон училишниот идентитет може да помогне да се ублажи прекумерната (штетната) преокупираност со националниот и со религиозниот идентитет.
- Учителите што се плашат или кои не сакаат дополнителна работа може се убедат, штом ќе им се објасни дека е во нивна полза да спречат проблематично однесување, како што е

на пример, заплашување или недостиг од дисциплина (ако се врши правилно, оваа обука може да помогне и во управувањето со други однесувања).
- Почетна точка е размислувањето на учителите за нивниот сопствен идентитет и предрасуди: идеите што ги усвојуваат од нивните средини и како ова влијае врз нивната работа. Ова ќе создаде поголема свест.
- Користење културни педагошки методи (како што се сликање, музика и театар) за да се идентификуваат и да се поттикнуваат културните предности.
- Да бидат свесни дека дискусиите за човековите права често се концентрираат само врз религиозните или националните аспекти: ова е многу тесен поглед и треба да се прошири.
- Да се користат популарни културни референции (како што се фудбалери и пејачи).
- Да се користи училишно лидерство (на учениците да им се даваат одговорности).
- Да се фокусираат на интеракцијата оддолу нагоре.

**Примери**

- Да се споделуваат најдобрите практики, како што се, на пример, следниве примери:
  - на класот да му се покажуваат слики од различни идентитети;
  - секој студент да пишува за различните идентитети;
  - да се сликаат идентитети од вашата заедница;
  - да се користат културни и изразни методи.
- „Dialog macht Schule“: врсници-множители од различно потекло (Германија).
- Лична историја (биографски методи).
- Да се постави програма за размена меѓу училиштата со ученици од различно потекло.

## Општи препораки

### 1. Минимум за обука: треба да имам, добро е да имам

Општо речено, учењето и размислувањето за училишниот етос и за фундаменталните вредности треба да бидат постојан процес. И покрај тоа, сите училишта треба да добијат барем некаква обука за превенција на радикализмот.

Оваа обука треба да ги има следниве елементи:

**1. Добра подготовка**

- Јасни очекувања, однапред споделени со учесниците.
- На сите учесници треба да претходно им се даде домашна/подготвителна работа. На пример, да се подготват прашања или студија на случај или да се прочита овој документ.
- Да се поставаат ниски бариери за учество. На почеток њесијата за обука треба да трае максимум 2 часа. Штом ќе се зголеми интересот, дополнителните сесии за обука може да бидат подолги.
- Осигурете се дека управата/лидерите на училиштето ја поддржуваат обуката.

**2. Поставување обука лице в лице**

- Обуката лице в лице создава заедничко разбирање и простор за разговор.
- Да се употребува тренер што е експерт, кој е веродостоен и може да споделува примери од реалниот живот.

**3. Фокусирање само на превенцијата на радикализмот**

- Фокусирајте се на превенцијата на радикализмот и улогата на учителот во ова е: „Кој е предметот, кои се знаците и што можам да направам за тоа?"
- Обезбедете знаење, вештини и размислување.

**4. Практика**

- Обезбедете практични алатки и материјал.

**5. Приспособеност**

- Погрижете се за проблемите, нивото на знаење и нивоата на опасност во училиштето.

**6. Порака: „Тоа може да се направи"**

- Пораката на обуката треба да биде: „Можеш да го направиш ова: како учител, ги исполнувате барањата - не треба да бидете експерт за радикализам за да го направите тоа".
- Создадете чувство за заедница за да биде јасно дека предизвиците не може да ги реши само едно лице, направете учесниците да чувствуваат дека имаат поддршка.

## 2. Размислувања за поставување програми за обука

На средбата во Хелсинки беа наведени голем број размислувања и препораки.

Поголем број од нив веќе се вклучени во претходните поглавја, а некои од поопштите забелешки се наведени подолу.

- Одлучете кои се вашите приоритети.
- Дискутирајте за достапното време (рамка) однапред.
- Порамнете ги разните видови екстремизам.
- Користете примери од реалниот живот бидејќи тие се поверодостојни.
- За да бидат веродостојни, тренерите треба да бидат експерти.
- Учителите треба да бидат вклучени во поставувањето: на пример, тие може да ги претстават предизвикувачките ситуации со кои се соочуваат или за кои се загрижени.
- Треба да се подготви преносот во секојдневната работа. За учителот мора да биде практично да може да ја употребува обуката.
- Од организаторите на други програми за обука побарајте да ви посочат како ги операционализираат целите на обуката и како оценуваат до кој степен се постигнати целите.
- Обуките треба така да се направат да бидат привлечни за да поттикнат учество: многу поефикасни се интерактивните програми со играње улога и вежби што се организирани индивидуално или во мали групи.

- Ставовите не може да се дискутираат во облик на предавање. Мора да се обезбедат вежби за да ги натераат луѓето да ги препознаат своите сопствени предрасуди, верувања и ставови.
- Ако обуката има цел да се стекнат нови вештини, вештините мора да се вежбаат, во група или со учесник.
- Учителите треба да бидат вклучени во поставување на програмите за обука. Почетната обука за учителот би можела да се подготви со учество на самите учители и да почне со предизвиците со кои се соочуваат.
- Треба да се размисли дали обуката да биде доброволна или задолжителна: во двата случаја има позитивни и негативни страни.
- Искуството покажува дека доброволната обука има поодржлив ефект.
- Почнете со видеозапис: кратката едночасовна програма со видеозапис и добрите вежби може да ги натераат луѓето да дојдат во допир со своите чувства, со што им се олеснува да ја продолжат обуката.
- Комбинирана обука: ако лицата учествуваат како тим (на пример, учител, директор на училиште и родител), тие имаат авторитетно лидерство за да направат разлика.

**Translated within:**

FIRST LINE STOP Radicalization

Co-funded by the Internal Security Fund of the European Union